РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

Број: / Numer: 02-4253/5
18.10.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 39-та седница одржана на 17.10.2024 година, во врска со Предлогот бр.03-4269/1 од 15.10.2024 година за поведување прекршочна постапка против ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен административен надзор бр.10-4218/1 од 10.10.2024 на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево и утврди прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ.

2. Советот заклучи против Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со контролниот административен надзор врз програмскиот сервис емитуван на 6 октомври 2024г. е констатирано дека радиодифузерот не постапил по Решението за изрекување мерка-јавна опомена, односно не ја отстранил извршената повреда на членот 51 став 1 од ЗААВМУ и не ги обезбедил информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

3. Се задолжува Секторот за правни работи да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата;
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка;
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**